СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
Стопанска Интересна Заедница
Бр. 0302-179-1/17
09.11 2017 год.
СКОПЈЕ

**До: Министерство за финансии**
**Ул. Даме Груев бр.12**
**1000 Скопје, Република Македонија**
**Сектор за финансиски систем**

**За: Ленче Тагасовска, Раководител на сектор**

**Предмет: Барање за измени на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи**

Почитувана г-а. Ленче Тагасовска,

Би сакале да ја искажеме нашата благодарност за досегашната соработка која ја остваруваме и која се надеваме дека ќе ја продлабочиме во иднина, особено за измените на Законот на сметководствени работи, неопходни да овозможи регистрација на лицата кои од оправдани причини не ја испочитувале навремено законската обврска за упис во регистрите на Институтот на сметководители и овластени сметководители за кои немаме забелешки.

Во оваа насока, и согласно Вашиот нов Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, Ве информираме дека доставуваме барање за измена на Предлог на Законот, со кое укажуваме дека покрај измените неопходни да се овозможи регистрација на лицата кои од оправдани причини не ја испочитувале навремено законската обврска за упис во регистрите на Институтот на сметководители и овластени сметководители за кои немаме забелешки, во поднесените предлог измени на Законот, предлагачот на измените на законот во член 1 и член 5 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи врши директна интервенција во независноста на Институтот за сметководители и овластени сметководители како и нарушување на правната сигурност за сите оние кои го имплементирале Законот и превземале врзано за истото договорни обврски.

Во прилог спорните членови:

*ПРЕДЛОГ НА*

*ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА*

*ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ*

*Член 1*

*Во Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16 и 190/16), во член 2 став (1) во точка 6 зборовите „за вршење сметководствени работи" се бришат.*

*Во точката 7 зборовите „за вршење сметководствени работи" се бришат.*

*Во точката 8 по зборот „друштва" зборовите „за вршење сметководствени работи" се бришат.*



UKAS QUALITY MANAGEMENT 001
International Chamber of Commerce
The world business organization
World Chambers Federation

Сојуз на стопански комори на Македонија| Црвена Скопска Општина, Скопје – Р.Македонија
www.chamber.mk|info@chamber.mk | tel: +389 (0) 2 3091 440

*Член 5*

*Во член 43 ставот (3) зборовите „неправилности и“ се заменуваат со зборовите „ неправилности и/или“.*

*Во ставот (4) зборовите „ неправилности и“ се заменуваат со зборовите „ неправилности и/или“.*

Интервенцијата е со тоа што веќе воспоставен и имплементиран закон кај правните субјекти кои регистрирано вршат дејност сметководствени работи во согласност со Законот за вршење на сметководствени работи, за што имаат превземено обврски и инвестиции, се нарушува правната сигурност со што ќе предизвика фискални импликации од евентуалните надоместоци на штети кои правните субјекти би ги побарувале од Вас како предлагач, бидејќи веќе имплементирано решение кое се спроведува, со овој предлог се менува со цел нарушување на воспоставената работа и директно се влијае на независноста на Институтот како тело со обид за дополнителни репресивни мерки.

Бидејќи истото се коси со меѓународните правила и стандарди, доколку Вие како предлагач не ги повлечете предложените измени поточно член 1 и член 5 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, соодветно за интервенцијата во независноста на Институтот за вршење на сметководствени работи, како и за нарушување на правната сигурност на сите правни субјекти кои го почитуваат Законот и ги имплементирале неговите одредби, ќе бидат известени сите меѓународни организации и институции кои обезбедуваат сигурност во финансиските текови, како и ќе биде овозможена правна помош за групна тужба до сите национални и интернационални инстанци, за сите правни и физички лица кои ќе претрпат штета од Вас како предлагач, а од измените во член 1 и 5 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи.

Во оваа насока, а со цел да се обезбеди почитување на регулативата и воопшто правната сигурност во Република Македонија потребно е предлог законот да се одстранат спорните членови. Ве молиме за истото да не известите во рок од 8 дена од приемот на овој допис со цел обезбедување на правна сигурност на регистрираните субјекти во Р. Македонија.

За сите дополнителни информации, можете да не контактирате на тел: 076 455 045 или на е-маил: info@chamber.mk, контакт лице: Маја Савеска.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА • Скопје •

Александар Зарков, извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

Копија до:

- г. Кочо Анѓушев, Заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори
- г. Драган Тевдовски, Министер за финансии